Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1)  од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22 и 134/24)), член 109 став (9) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 јули 2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за уважување на приговор**

1. Приговорот на Иван Цилев со бр. УП2-09-298/24 од 17 јуни 2024 година, против Решение со кое се одбива барањето за ослободување од плаќање на фиксен дел од вкупниот надоместок за топлинска енергија бр.03-1891 од 04.06.2024 година од страна на ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, СЕ УВАЖУВА.

2. Решението со кое се одбива барањето за ослободување од плаќање на фиксен дел од вкупниот надоместок за топлинска енергија бр.03-1891 од 04.06.2024 година од страна на ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, СЕ ПОНИШТУВА.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Иван Цилев до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе приговор бр. УП2-09-298/24 од 17 јуни 2024 година  против Решение со кое се одбива барањето за ослободување од плаќање на фиксен дел од вкупниот надоместок за топлинска енергија бр.03-1891 од 04.06.2024 година од ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје.

Именуваниот поднел Барање до ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје за ослободување од обврска за плаќање на фиксен дел од надоместокот за топлинска енергија за стан на ул. Кленоец, бр. 67-1/8. Кон барањето приложил доказна документација.

Постапувајќи по барањето, ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје како првостепен орган во постапката донел Решение со кое се одбива барањето за ослободување од плаќање на фиксен дел од вкупниот надоместок за топлинска енергија бр.03-1891 од 04.06.2024 година.

Незадоволен од Решението со кое се одбива барањето за ослободување од плаќање на фиксен дел од вкупниот надоместок за топлинска енергија од страна на ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, именуваниот поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика.

На 9 јули 2024 година беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која се поведува спорот и тоа:

- Решение со кое се одбива барањето за ослободување од плаќање на фиксен дел од вкупниот надоместок за топлинска енергија бр. 03-1891 од 04.06.2024 година,
- Фактура за топлинска енергија, бр.60116 04 24 7 од 30.04.2024 година,
- Фактури за електрична енергија за место за потрошувачка ул. Кленоец, бр.67/8,
- Барање за необјавување на целосни лични податоци,
- Копија од лична карта,

- Имотен лист бр.101443, катастарска општина Ѓорче Петров 4 - Влае.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на приговорот утврди дека приговорот е основан.

Согласно член 54-б став (2) од Правилата за снабдување со топлинска енергија, од обврската за плаќање на фиксниот дел од вкупниот надоместок за топлинска енергија кој се определува согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија се ослободува сопственикот на посебен дел, ако:

1) живее во него и кај снабдувачот кон барањето за ослободување како доказ приложи валиден документ (лична карта на сопственикот или член на неговото потесно семејство кој живее во станот на увид, имотен лист не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето и седум последни сметки за потрошена електрична енергија во грејна сезона, при што вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од 1 октомври до 30 април треба да е поголема од 1500 kWh).
2) го наследил, добил на подарок или го стекнал по друг правен основ, и кај снабдувачот кон барањето за ослободување како доказ приложи валиден документ (лична карта на увид, имотен лист не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето и седум последни сметки за потрошена електрична енергија во грејна сезона, при што вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од 1 октомври до 30 април треба да е поголема од 1500 kWh),
3) го дава на користење и кај снабдувачот кон барањето за ослободување како доказ приложи валиден документ и тоа:
   - за корисник физичко лице (лична карта на корисникот на објектот на увид, имотен лист не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето, договор за закуп заверен на нотар и седум последни сметки за потрошена електрична енергија во грејна сезона, при што вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од 1 октомври до 30 април треба да е поголема од 1500 kWh),
   - за корисник правно лице (имотен лист не постар од 30 дена од денот на поднесување на барањето, договор за закуп заверен на нотар и седум последни сметки за потрошена електрична енергија во грејна сезона, при што вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од 1 октомври до 30 април треба да е поголема од 1500 kWh).

При разгледување на приложените докази, од страна на Комисијата за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива беше направен увид во потрошувачката на електрична енергија во изминатата грејна сезона при што се констатираше дека се исполнети горенаведените услови, односно вкупната потрошувачка на електрична енергија во периодот од октомври 2023 до април 2024 година изнесува 1588 kWh.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 09-298/24**
**15 јули 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**